

# УВОДНИ СТИХОВИ

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2017

*Сабо̄та, 1 јули 2017*

## 1. Да дадеме нешто повеќе

**„И крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè очистува од секој грев“ (1. Јованово 1,7).**

Основачот на методистичката црква во Англија Џон Весли (1703 – 1791) се враќал една вечер дома од богослужба кога го нападнал разбојник и го опљачкал. Крадецот установил дека неговата жртва има многу малку пари, но и некои христијански книги.

Додека разбојникот заминувал, Весли го повикал: „Еј! Чекај малку. Имам да ти дадам уште нешто“. Изненадениот разбојник застанал. „Пријателе“, рекол Весли, „можеби ќе доживееш да зажалиш поради таквиот начин на живот. Ако тоа некогаш го направиш, еве ти нешто на што треба да се сеќаваш: „Крвта на Исуса Христа нè чисти од секој грев!“ Разбојникот бргу се оддалечил, а Весли се молел неговите зборови кога-тогаш да донесат плод.

Години подоцна, додека Весли го поздравувале верниците по неделната богослужба, одеднаш му пристапил некој странец. Се изненадил кога дознал дека тој странец, сега искрен христијанин и успешен трговец, е истиот оној човек што го опљачкал пред неколку години. „Ви должам многу“, рекол преобратениот човек. „Но, не мене, драг пријателе“, воскликнал Весли, „не мене, туку на скапоцената крв на Исуса Христа, која нè штити од секој грев“.

Џон Весли навистина имал да му даде нешто повеќе на тој разбојник онаа ноќ. – Радосната вест за спасението во Исуса Христа. И сите ние ја имаме истата обврска и одговорност кон луѓето со кои се среќаваме. Со нив треба да ја споделиме содржината на Радосната вест за спасението.

Му благодарам на Бога за изворот од кој тече Исусовата крв која нè чисти од секој грев и беззаконие.

*Сабота, 8 јули 2017*

## 2. Да се заврши трката

**„Извојував добра борба, го завршив трчањето, ја запазив верата“ (2. Тимотеј 4,7).**

На големиот олимписки стадион во Мексико во 1968 година останале само неколку илјади гледачи. Се стемнувало. Последните маратонски тркачи едвај се пробивале по патеката до целта.

На крајот, љубителите на маратонот слушнале звук на полициска сирена од автомобилот кој на чело на колоната ги следел тркачите. Гледачите го вpериле погледот кон влезот на стадионот, се појавил тркач од Танзанија кој потклекнувал и едвај се движел. Тоа бил последниот маратонец на трката од 42,5 километри. Неговите нозе биле разранети од паѓање, крвави и прашливи. Едвај го претрчувал последниот круг на стадионот.

Гледачите станале и почнале да му аплаудираат како да е победник. Бидејќи ја преминал целната линија, некој го запрашал зошто не се откажал кога му било најтешко. Неговиот одговор бил многу едноставен. „Мојата држава не ме испрати на пат од 10.000 километри само за да ја започнам трката. Таа ми го плати тој скап пат за да завршам!“

Сите херои не примаат одликувања, но сепак, оние верници кои посветено живеат за Христа како што живеел апостол Павле, се свесни дека еден ден ќе го примат венецот на праведата. Господ Бог, праведниот Судија, ќе ги награди сите оние

кои го чекаат Христовото враќање, кои Му се верни и покрај многуте потешкотии во животот и кои се подготвени да ја завршат трката што ја започнале.

Бог нека ни помогне да истраеме во трчањето, потпрени на Неговата сила, никогаш да не поткleкнеме, и покрај страдањата и неволјите кои ги носи таквата трка.

*Сабота, 15 јули 2017*

**3. Дел по дел**

**„Мојсеј направи вака. Како што му заповеда Господ, сè и така направи“ (2. Мојсеева 40,16)**

Во многу кутии биле сите делови – илјадници од нив. Пластични кутии, тркала, мотки и разновидни, навидум несоодветни парчиња. Беше време да му помогнам на Стефан да ги состави своите лего-коцки во нешто препознатливо. Меѓутоа, најпрво мораше да ги проучиме сите упатства. Без нив ќе ги спојувавме парчињата коцкички, но никогаш немаше да можеме да составиме противпожарна кола или хеликоптер според сликата на кутијата.

Во времето на талкање на Израел во пустината, Мојсеј исто така се соочил со задачата да состави целина користејќи се со различни делови. Во 2. Мојсеева книга, во поглавјата 26-39 читаме како луѓето собирале материјал и како ги изградиле деловите потребни за Шаторот за состаноци. Тогаш Бог му рекол на Мојсеја сите тие делови да ги состави во целина (види 40 глава). Шаторот би бил место каде што ќе престојува Бог, место какво што Тој сака, во кое би се откривала неговата слава, но Мојсеј само требало да ги следи точните Божји упатства – да направи сè како што Бог му наредил.

Како што е со шаторот – така е и со нашиот живот – единствен правилен начин да го изградиме е да ги следиме Божјите упатства. Дали Му дозволуваме да ги насочува нашите чекори? Дали ги следиме Неговите упатства онака како што се изнесени во Библијата? Ако ги следиме, Тој ќе ни помогне да ги составиме деловите од нашиот живот толку добро што во својот живот ќе го прославуваме Бога со сите наши постапки и со секоја работа што ја извршуваме.

Библијата е точниот водич кој нè упатува на патот на охрабрувањето и надежта која ни е потребна секој ден. Зборовите од Светото Писмо се напишани за наша заштита, за наше поправање и насочување.

*Сабота, 22 јули 2017*

## 4. Направи го тоа!

**„Но бидете извршители на Словото, а не само слушатели, кои се измамуваат себеси“ (Јаков 1,22).**

Некој ова добро го рекол уште одамна. Оттогаш, илјадници пати одекнува истото: „Проблем над проблемите е христијанството да се воведе во секојдневниот живот“. Зошто е толку тешко секојдневно да се живее христијански живот според библискиот пример? Можеби затоа што претпоставуваме дека е многу лесно да ја познаваме Божјата вистина во својот ум.

Повеќето од нас слушнале толку многу проповеди, што веќе не можат ни да ги избројат. Дури и го запишуваме она што сме го слушнале. Слушаме верски програми на радио или ги гледаме на телевизија или преку интернет. Добро се чувствуваме во она што го знаеме, можеме брзо да започнеме расправа со секој оној што не се согласува со нашето сфаќање за

поединечни текстови од Библијата.

Што уште преостана? Одговорот е многу едноставен и очигледен: доживејте ја таа вистина!

При крајот на својот прв разговор со својот пациент, еден познат психијатар, Алфред Адлер, би поставил прашање: „И што ќе направите кога ќе бидете излечени?“ Пациентот би одговорил. Адлер би слушал, би ја отворил врата и би рекол: „Па, тогаш, одете и сторете го тоа!“

Како во својот живот ја применуваме Божјата вистина? Одговорот е онолку очигледен колку што го занемаруваме. Ајде затоа со Божја сила и со послушност кон Неговите заповеди, од љубов да ја применуваме вистината во нашиот живот.

Бог нека ни помогне да внимаваме на Неговата Реч и да и??? се покориме за да можеме да се бориме против нашите склоности да тргнеме по својот пат. Светото Писмо ќе го совладаме само тогаш кога ќе дозволиме тоа да нè совлада нас.

*Сабота, 29 јули 2017*

**5. Кој кажува што е правилно?**

**„Зашто кога народите, кои немаат Закон, го исполнуваат... Тие покажуваат дека делото на Законот е напишано во нивните срца, за што сведочат: нивната совест и нивните мисли, што меѓусебно се обвинуваат или се бранат“ (Римјаните 2,14.15).**

Луѓето кои ги отфрлаат апсолутните вредности и мерила на добро и зло, правилно и лошо, често не се доследни. Кога сметаат дека со нив се поставува неправедно, се повикуваат на мерила на праведност кон кои сите луѓе би требало да се придржуваат.

Професорот по филозофија секој семестар би го почнувал со прашањето упатено на своите студенти: „Сметате ли дека може да се покаже дека постојат апсолутни вредности како што е правичноста?" Слободоумните студенти докажувале дека сè е релативно и дека ниеден закон не може да се примени општо на сите случаи. Пред крајот на семестарот професорот посветил едно предавање на расправа за таа тема. На крајот заклучил: „Без оглед на тоа што вие мислите, сакам да ви дадам до знаење дека апсолутните вредности можат да се покажат. И ако не ги прифатите, ќе добиете негативна оценка!" Еден студент налутено извикал: „Тоа не е чесно!" „Токму сега го докажавте моето тврдење", одговорил професорот, „се повикавте на моите мерила на правичност!"

Божите морални мерила се запишани во Библијата, и Бог ни дал совест да ни зборува за тоа што е правилно а што е лошо, што е добро а што е зло. Секој пат кога ќе ги изговориме зборовите „добро3 или „зло", ги применуваме мерилата според кои донесуваме такви расудувања. Библиските вредности не се застарени. Вредат за сите времиња бидејќи потекнуваат од вечниот непроменлив Бог.

Да му се заблагодариме што не нè оставил во темнината на незнаењето во врска со доброто и злото, бидејќи нашата совест ја просветлува Светиот Дух.

*Сабота, 5 август 2017*

## 6. Ранетата школка

**„Бог - рече - ме направи плоден во земјата на мојата неволја.“ (1. Мојсеева 41,52)**

Кога ќе нè снајдат некои очигледно непотребни неволји во животот, често го поставуваме прашањето: „Зошто ни се случуваат тие неволји?“ Но, за момент да го разгледаме потеклото на бисерот.

Секој бисер се обликува во школка кога некое надворешно тело, најчесто зрнце песок, предизвикува внатрешна рана или повреда. Така се појавува некој секрет кој настојува да да ја заштити и да ја излечи настанатата рана. Конечниот резултат е сјајниот бисер. Создадено е нешто прекрасно, што би било невозможно да се создаде без таа повреда.

Во денешниот текст од Библијата читаме за Јосиф, кој бил на влијателна положба, па Бог можел да го употреби за време на гладот да ги храни околните народи, а исто така и своето семејство. Меѓутоа, како Јосиф дошол до таа влијателна положба? Почнало со „повреда“, кога бил продаден во ропство, а понатаму тоа произвело извонреден бисер. Поради тоа што Јосиф црпел сила од Божјите извори додека трпел големи понижувања, станал подобар човек, а не огорчен јадник. Својот втор син го нарекол Ефрем, што значи „двапати плоден“ и заклучил: „Бог ме направи плоден во земјата на мојата неволја.“

Мнозина напишале убави зборови за Јосиф, како на пример: „Кога човечкото сочувство би го спасило Јосифа од бедната состојба во која што се нашол, тогаш би бил изгубен овој славен дел што следел.“

Ако денес патите и страдате, сетете се на вистинските факти: без повреда нема бисер!

Неволјите се често скриени благослови.

*Сабота, 12 август 2017*

## 7. Извонредна замисла

**„Помогни ни, о Господи, Боже наш, зашто се потпираме на Тебе и во Твое Име излеговме против ова мноштво!“ (2. Дневникот 14,11)**

Древна индонезиска басна зборува за желката која можела да лета. Со устата се држела за стапче кое го носела гуска. Кога желката слушнала како набљудувачите на земјата извикуваат: „Нели се тоа извонредни гуски“! – гордоста на желката била толку повредена што извикала: „Тоа беше моја идеја!“ Секако, веднаш штом ја отворила устата, го испуштила стапчето со кое гуската ја подигнала во височините. Нејзината злоба ја кутнала на земјата.

Во текот на четириесеттите години Аса бил силен и понизен крал. Вовел мир и напредок во царството на Јуда. И во тие рани години од своето владеење, Аса се молел: „Аса извика кон Господа, својот Бог: 'О Господе, за Тебе е ништо да му помогнеш на силниот или на слабиот! Помогни ни, о Господи, Боже наш, зашто се потпираме на Тебе!'“

Меѓутоа, пред крајот на своето владеење, кога го нападнала војската на Израел, северното царство, Аса побарал помош од кралот на Сирија наместо од Бога. И поради својата безумност, неговото владеење над царството ослабело, а народот завојувал. И што тргнало на лошо? Тоа била гордоста од претходните успеси, па Аса заборавил дека е поважно да се потпира на Бога и затоа повеќе никогаш не му се покажувал како моќен Бог, Спасител: „Работеше безумно во тоа, затоа отсега ќе се дигаат војни против тебе“ (16,9).

Бог сè уште ги бара оние кои ќе Му дозволат во нивниот живот да се покаже како моќен и силен. И ако живеете понизно и се потпирате во својот живот на Бога и на Неговата ми-

лост, навистина ќе покажете дека имате „извонредни ставови“. Никој не е толку силен како оној кој во потполност зависи од Бога.

*Сабота, 19 август 2017*

## 8. Очекување на Небото

**„А јас ќе го гледам Твоето лице во правда, и еднаш кога ќе се разбудам, ќе се наситам од Твојот изглед.“ (Псалм 17,15)**

Радосното исчекување на небесната слава често преовладува меѓу христијаните кои се прогонети и трпат, а помалку меѓу оние кои живеат во благосостојба. Еден пастор станал свесен за тој факт кога го посетил еден богат христијанин. Фрлајќи поглед кон неговата раскошна куќа, рекол: „Пријателе, вам сигурно не ви се брза да одите на Небото“. Со призвук на тага во својот глас, домаќинот одговорил: „Не, не ми се брза. Премногу сум зафатен на овој свет. Секогаш сакам да заработам што повеќе, а се прашувам зошто?“ Тој успешен трговец бил толку зафатен со стекнувањето на богатство, и поради тоа изгубил увид во небеските вредности.

Наспроти тоа, Давид, кој бил на удар на секакви неволји, желно го исчекувал Небото (Псалм 17,15). Тоа исто го доживувале и христијаните во првиот век, кои го славеле Бога и во прогонство поради својата вера во Исуса Христа. Стотини години подоцна, црните робови во Америка, кои често биле камшикувани и продавани како диви ѕверови, пееле духовни песни во кои се истакнувале радоста и идната небесна слава. И денес многу верници во земјите каде што христијанството е забрането или во многу сиромашните краишта на светот, се полни со радосно исчекување на идното Небо.

Дали тоа значи дека ние, кои не живееме во удобни околности, не се радуваме на идниот живот на Небото? Никако! Ако го сосредоточиме својот поглед на Бога, а сочувствуваме со оние кои се во големи неволји и потреби, нема да бидеме толку врзани за оваа земја. Ќе можеме да кажеме како Давид: „и еднаш кога ќе се разбудам, ќе се наситам од Твојот изглед!“

*Сабота, 26 август 2017*

**9. Заборавил на Бога**

**„ А посеаното на добра земја е оној, кој го слуша словото и го разбира; кој навистина раѓа плод и донесува“**

**(Матеј 13,23).**

Еден ревносен научник ги опишува своите студентски денови. Иако бил добар и верен христијанин, толку го обземало проучувањето на научните достигнувања што еден ден заборавил да се помоли на Бога на крајот од денот. Тоа било негов обичај кој до тогаш не го пропуштал. Признава: „Сонцето зајде, вечерта стигна... а јас заборавив на Бога“. Пропустот на споменатиот научник може да ни се чини неважен, но неговата ревност покажува дека ја разбрал важноста да се одржува и негува духовниот живот.

Исус ја раскажал параболата за сејачот, семето и четирите видови на почва (Матеј 13,1-9). Почвата на која растеле трњата, ги претставува оние кои ќе дозволат семето на Божјата реч да падне во нивното срце, но станува задушено од грижата и уживањето на овој привлечен свет (Матеј 13,7.22).

Таа голема опасност која може да се случи на секој кој непромислено одговара на пораката на Божјата реч. Световноста може да придонесе да заборавиме на духовните стварности

и на својата одговорност кон Божјата реч.

Дали дозволуваме привлечностите на овој свет да не задржуваат од читањето и проучувањето на Божјата реч? Во молитвата настојуваме да бидеме како оној „кој го слуша словото и го разбира" (Матеј 13,23).

И кога навечер ќе зајде сонцето, немојте да дозволите за вас да се каже дека сте „го заборавиле Бога".

*Сабота, 2 септември 2017*

## 10. Повторени проповеди

**„ Оттогаш Исус почна да проповеда и да говори: „Покајте се, зашто царството небесно се приближи!"**
**(Матеј 4,17)**

Слушнав за човекот кој одржал една многу вдахновена проповед, во својата желба да биде пастор на една црква. Им се допаднал и гласале тој да биде пастор. Се изненадиле кога таа иста проповед ја одржал и следната недела, и следната недела и уште неколку недели по ред. Старешините на црквата се состанале за да установат што се случува. Пасторот ги уверувал: „Знам што правам. Кога ќе почнете да ја применувате поракaта од таа проповед во секојдневниот живот, ќе поминам на друга проповед".

Исусовите проповеди содржеле впечатливо иста тема. Ништо чудно. Царот над царевите сакал да биде сигурен дека луѓето разбрале што значи да се стане член на Неговото царство. Дошол да му најави на овој свет еден потполно нов поредок кој очигледно не бил во согласност со начинот живот што луѓето го живееле. Темите како простување, служење и безусловна милост и милосрдие често се слушале од неговата уста.

Две илјади години подоцна, сфаќаме дека и нам ни е потребна истата порака. Штом ќе почнеме да се каеме и да се обраќаме кон Бога, како и да живееме под водството и владаеењето на Исус, нашиот Цар, ќе доживееме благослови во својот живот, ќе го прославуваме Неговото име и ќе им служиме на благослов на другите.

Библијата ни обезбедува сè што ни е потребно за да живееме за Бога секој ден. Но, ништо нема да ни помогне ако не ја читаме и ако во животот не го спроведуваме она што сме го прочитале.

Не заборавајте, проповедта не е готова сè додека нејзината порака не ја примениме во животот.

*Сабота, 9 септември 2017*

## 11. Изострете ја сликата

**„Одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото“ (Галатите 5,16).**

Многу искрени христијани не го гледаат Исуса онака јасно како што тоа го доживеале кога сфатиле дека Тој ги спасил. Повеќе ја немаат онаа искрена желба да Му служат и некако се замаглила сликата на Неговата присутност во нивниот живот. Таквите верници мораат да сфатат дека Светиот Дух им е даден за да можат пред своите очи да имаат јасна и остра слика за Исуса Христа.

Луј Да Гер, француски пронаоѓач од 19 век бил пионер на фотографијата. Во тие денови успеал да добие слика изложувајќи ја металната плоча на светлина. Кога таа плоча била извадена од камерата, сликата наскоро исчезнала. Да Гер на многу начини се обидувал да ја задржи сликата на металната

плоча, но не успевал во тоа. Еден ден ја зел осветлената плоча која што ја чувал во орманчето полно со разни хемикалии и на негово изненадување, сликата била јасна и остра. Не знаел што предизвикало сликата да остане на плочата, па така сите идни експонирани плочи ги држел во тоа орманче и ги вадел од него една по една. Сликите и понатаму останувале на плочата и покрај нивното изложување на дневна светлина. Конечено Да Гер се сетил дека еднаш порано во тоа орманче се истурила извесна количина на жива. Подоцна обидите покажале дека живината пареа ја фиксирала сликата на плочата.

Светиот Дух во нас, верниците, го прави токму она што испарувањето на живата го направило на фотографската плоча. Ни помага пред нас да стои Исусовата слика во полна острина и јасност. Не смееме да го натажуваме, ниту да го гасиме дејствувањето на Светиот Дух во нас. И додека сме послушни на Светиот Дух, Тој пред нашите очи ќе ја одржува сликата на Исус Христос остра.

*Сабота, 16 септември 2017*

## 12. Лесен јарем

**„Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души“ (Матеј 11,29).**

Вероучителот на учениците им прочитал инсерт од Евангелието според Матеј 11,30 и ги запрашал: „Исус рекол: ’Зашто јаремот мој е пријатен’ Кој ќе ни каже што е тоа јарем?“ Едно дете ја подигнало раката и одговорило: „Јарем е нешто што се става на вратот на животните за да можат еден на друг да си помогнат да влечат“.

Потоа вероучителот прашал: „А каков е тој јарем што Исус го става на нас?“ Едно девојче ја дигнало раката и тивко рекла: „Тоа е кога Бог ќе ја положи својата рака на нашите рамења“.

Кога Исус дошол, понудил „пријатен“, „лесен“ јарем во споредба со верските водачи на она време (11,30). Тие луѓето ги оптоварувале со тешките товари на законот кои никој не можел да ги носи (види Матеј 23,4; Дела ап. 15,10)

Бог знаел дека никогаш нема да бидеме во состојба да ја достигнеме мерата на Неговата слава (Римјаните 3,23). Затоа и го испратил својот Син Исус Христос на земјата. Исус бил совршено послушен на Татковите заповеди и Тој сам ја поднел смртната казна за нашите гревови. Кога ќе се понизиме и ќе признаеме своите гревови и потребата за простување, Исус доаѓа до нас. Тогаш на нас го става својот јарем, нѐ ослободува од вината и ни дава сила да живееме и со својот живот да му угодуваме на Бога.

Дали ви е потребна Исусова помош? Тој ви порачува: „Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души; зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно“ (Матеј 11,28-30).

*Сабота, 23 септември 2017*

## 13. Од темнина во светлина

**„ Мојсеј ја протегна раката кон небото, и се спушти густа темнина на сета Египетска Земја: траеше три дни. Три дни луѓето не можеа да се видат еден-друг, и никој не се помрдна од своето место. А во местата каде што живееја Израелците блескаше светлина“ (2. Мојсеева 10,22.23)**

Тоа било навистина необична ситуација! Божјата осуда веќе деветти пат се надвила над фараонот, египетскиот крал и неговата земја, затоа што одбил да го пушти израелскиот народ од ропството во кое го држел. Во период од три дена земјата потонала во црна темница, што никој никого не можел да види.

Но во текот на таа казна се случило чудо на милоста. Во населбите на Изралеците било светло. Бог го сочувал својот народ давајќи им со тоа сведоштво дека ќе следи врвот на Неговото милостиво постапување, кое наскоро требало да го искусат: ослободување на народот од египетското ропство.

Тоа треба да нѐ потсети на еден друга библиска глетка: „А од шестиот час беше темнина по целата земја до деветтиот час ” (Матеј 27,45). За таа темнина не ни е кажано ништо. Среде тој застрашувачки настан немало ни трошка милост која би пружила некаква надеж. Сосема сам, изложен на Божјата осуда, Исус Христос трпел поради вината на другите луѓе и ја презел казната која ги очекувала изгубените грешници, за да им обезбеди спасение. Единствено осамениот повик: „ „Боже Мој, Боже Мој! Зошто си Ме оставил!?” може да ни ја долови суровоста на таа осуда. „Оној, Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев за нас, за да станеме Божја правда во Него“ (2. Коринќаните 5,21).

Но милоста била главната поттикнувачка сила за Божјата постапка на крстот. Тој не го поштедил ни својот сопствен Син

за да нѐ изведе од „темнината во својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9). Сега светлината на Божјата милост може да блеска во становите на откупените, бидејќи Исус го претрпел предвечерието на осудата наместо нив. – Нека му е слава за тоа!

*Сабота, 30 септември 2017*

## 14. Зошто умрел

**„За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме“ (Исаија 53,5).**

Исус умрел за ние да можеме да живееме. Неговата смрт на крстот на Голгота не била случајна, ниту изненадување за Бога.

Таа била неопходна во Неговата намера за да не спаси.

Господ Бог објавил дека смртта е казна за оние кои ќе згрешат, и секој човек по Адам и Ева згрешил. Сепак, во својата љубов, Бог копнеел да ги спаси луѓето. Бог можел едноставно да каже: „Жал ми е. Ве сакам. Јас ќе ве спасам, нема да гледам на вашите гревови и сѐ ќе заборавам.“ Меѓутоа,, апсолутно светиот и праведен Бог не можел да постапува со гревот на тој начин. Казната за гревот мора да биде платена. Кривицата мора да биде платена. И тоа е вистинско чудо: Исус Христос, Божјиот Син, ги презел врз себе нашите гревови, ги понел на Голгота, ја платил казната, но третиот ден воскреснал. Исус, апсолутно безгрешен, ја презел казната за нашите гревови, како што претскажал пророкот Исаија. Неговото воскресение било доказ дека небесниот Татко ја прифатил неговата жртва и правдата била задоволена. Тоа се случило пред 2000 години, долго време пред ние да се родиме. Сето тоа Бог го подготвил

и тоа врз основа на својата милост. Ние треба само да го прифатиме она што Бог го подготвил за луѓето. Неговата понуда стои и денес за сите оние што ќе поверуваат во Исуса, па таквите нема да загинат ниту да пропаднат, туку ќе стекнат вечен живот.

Дали сте сигурни дека имате вечен живот? Исус го обезбедил за вас.

# ГРАДИВО 3/2017
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**